**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.06.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2849 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 11 јуни 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека УНИВЕРЗИТЕТСКОТО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

**Образложение:** На 08.06.2018 година, УНИВЕРЗИТЕТСКОТО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 од Скопје во архивата на Агенцијата достави седум договори на дело склучени помеѓу Универзитетот и седум физички лица, од коишто е констатирано дека во овој радиодифузер се ангажирани вкупно седум лица, од кои три се новинари со висока стручна спрема.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***